Врз основа на член 50 став (1) точка 14 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02), член 22 и член 23 од Законот за работни односи (“Службен весник на република Македонија” бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23) и член 20-г став 1 (еден) од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија” бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 143/19 и 14/20). Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево распишува:

ЈАВЕН ОГЛАС БР. 01/2025

ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ПОМОШНО ТЕХНИЧКО ЛИЦЕ-КАФЕКУВАР

Општина Чешиново-Облешево има потреба на 1 (еден) извршител на работните задачи и и обврски за работно место кафекувар во општина Чешиново-Облешево на неопределено време со полно работно време на работното место:

1. УПР 04 04 А05 001 Кафекувар – 1 (еден) извршител

I. Заинтерисираните кандидати треба да ги исполнат следните општи услови предвидени во правилникот за систематизација на работни места за помошно техничките лица во општина Чешиново-Облешево
   - да е државјанин на Република Северна Македонија;
   - активно да го користи македонскиот јазик;
   - да е полнолетен;
   - да има општа здравствена состојба;
   - со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

II. Посебни услови
   - Стручни квалификации -Најмалку основно образование;
   - Работно искуство
   - - со или без работно искуство.

III. Кандидатите со пријавата како доказ треба да приложат
   - Уверение за државјанство
   - Уверение за општа здравствена способност за работно место за кое се пријавува
   - Потврда дека со правосилна судска пресуда не им е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност и
   - Диплома за завршено основно образование

Работно време од понеделник до петок од 07:00 часот до 15:00 часот

Паричен износ на основна нето плата изнесува 25.313,00 денари

Рокот за пријавување на кандидатите трае 05 (пет) работни дена од денот на објавување на огласот, а изборот ќе се изврши во рок од 05 (пет) дена од истекот на рокот за пријавување.

Пријавата може да се превземе на ВЕБ-страницата на општина Чешиново-Облешево www.cesinovo-oblesevo.gov.mk

Пријавите со документите со кои се докажува исполнување на предвидените услови во огласот, оригинал или препис заверен кај нотар да се достават до архива или преку пошта до општина Чешиново-Облешево ул. Маршал Тити бр.17 с.Облешево тел.033/351-770.

При административна селекција ненавремени и нецелосни пријави нема да бидат земени во предвид при вршење избор од пријавените кандидати.

Пријавените кандидати во рок од 05 (пет) дена од денот на склучување на договорот за вработување писмено ќе бидати известени за лицето што е избрано и ќе им се вратат сите документи што ги доставиле како доказ за исполнување на бараните услови за вршење работа.

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Градоначалник
Далибор Ангелов
_____

Изготвил:
Анета Зашов